# Оглас за вработување во Прима мебел ДОО - Скопје

Прима е најголемиот хрватски ланец на малопродажба на мебел и еден од најголемите Хрватски производители на мебел.

Малопродажната мрежа на Прима ја сочинуваат 55 салони во Хрватска, а во Македонија, Прима мебел е присутна од 2010 година со 8 малопродажни салони и тоа во Скопје, Куманово, Охрид, Прилеп, Битола и Тетово и Струмица.

Разновидната понуда, квалитетните производи и професионалната услуга е она што ја карактеризира Прима Мебел и по што е препознатлива на пазарот.

Во салоните на Прима, секој купувач може да најде мебел за целиот свој дом: спални соби, дневни соби, кујни, маси и столици, гарнитури, регали, детски соби, тинејџерски соби…

Мисијата на Прима Мебел е да остане стратешки партнер кој ги исполнува барањата на купувачите и клиентите преку следењето на трендовите на пазарот.

Поради проширување на нашиот тим имаме потреба од двајца вработени на пола работно време, на работна позиција: Продавач/ка во салон во Скопје.

На вработените им нудиме:

- Стимулативни и натпросечни примања
- Константно професионално усовршување
- Можност за напредување

Прима мебел има потпишан меморандум за соработка и договор за практична работа со Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје, со што се овозможува кандидатите-студенти од 3-та и 4-та година да ја реализираат практичната работа во нашата компанија.

Сите заинтересирани кандидати својата Професионална Биографија (CV) може да ја достават на **info@prima-mebel.mk** - со назнака Продавач во салон во Скопје. Крајниот рок за поднесување на пријавата е 11.04.2018 година.